# ОД ДЕЈНОСТА НА ДРУШТВАТА

*Б. Цветкоски*

## ЗА РАБОТАТА НА ИСТОРИСКОТО ДРУШТВО ВО ШТИП

Поминаа повеќе од две години откако од Секцијата на историчарите во Штип се формира Друштвото на историчарите во Штип. Во текот на овие две години, а и порано, Друштвото помина еден период на криза кога во неговите редови се чувствуваше лабавост, неактивност па дури и дезорганизација која беше наследена како перманентна традиција од порано. Вината за ваквата положба лежеше првенствено во нејзините членови кои не чувствуваат никаква грижа на одговорност и мислење дека некој треба да ја турка работата, меѓутоа никој не се зафаќаше за тоа, а Управата која беше избирана —иако се трудеше да изнајде начини и форми Друштвото да заживее — се чувствуваше немоќна против енертноста на членството. Крајната последица на сето тоа беше неактивноста и дезорганизацијата. Мораме да признаеме еден факт: членот само со тоа што е историчар — наставник или професор — не си ја извршил својата функција како член на Друштвото, ако тој и активно не работи за целосна афирмација на Друштвото и преку тоа сопствената афирмација. Изгледа дека поголемиот број од членството го заборавил овој основен принцип за секоја општествена организација и секако реперкусиите од едно такво сфаќање се светат мошне штетно.

Сметаме дека од пред една година ја имаме надминато горната положба и сега се наоѓаме во фазата на организационото зацврстување и без секаква фалба може да се рече дека болеста е преброденa и веќе нашето Друштво ги покажува и првите резултати на таа добра и плодотворна работа, иако целосно не можеме да бидеме задоволни особено не кога се имаат предвид условите и снагите со кои располага нашиот град и нашето Друштво. Ја користиме приликата и овој пат да изразиме благодарност спрема некои поединци членови на нашето Друштво кои и во најтешките моменти не се разочараа и туркаа напред, како и на помошта што ни ја укажа Општинскиот одбор на ССРНМ и Одделението за просвета при Општината за нашето повторно организационо зацврстување и за насочување на нашата работа.

Како потврда на горново ќе наведеме некои манифестации кои зборуваат за присутноста и дејноста на Друштвото: Управата веќе од пред година редовно се собира и досега има одржано шест состаноци, а и сето членство на Друштвото е свикано на две седници. Собирањето на членарината оди редовно. Друштвото активно се вклучи во јубилејните прослави на Климент Охридски и Крсте П. Мисирков, а во тек е разработката на планот и програмот за вклучување во прославата на 25-годишницата од Народната револуција. Видлива е и активноста околу пласирањето и соработка во нашето прво списание „Историја“. Давање стручна и методска помош на нашите млади наставници, за што поголема и позитивна улога игра и катедрата по историја при Педагошката академија. Учество во пишувањето на публикацијата „Астибо“. Индивидуално соработување и вклучува-

ње во сите прослави и манифестации во градот, како и грижа околу стручното и методско усовршување на нашето членство особено во оформување на образованието и во полагање на стручните испити. Учество на собранија и конгреси од републички и сојузен карактер итн.

**Организациона изградба.** — Друштвото денес брои 26 члена. Порано ги сметавме за членови сите другари кои предаваат историја, па дури и некои студенти, меѓутоа увидовме дека од тоа нема корист; квантитетот не секогаш е користен и дава резултати, дури сметаме дека извесната лабавост и дезорганизација се должеше и на тој факт и затоа поминавме кон овој начин. Сега се чувствува и индивидуална и општа одговорност и свест и дисциплина.

Досегашната форма на работа беа седници на Управата и конференции на целото членство, додека веќе сме на мислење да формираме и секции по поедини установи каде членуваат повеќе од три члена. Како форма на работа се предвидуваат и стручните активи во секоја установа, меѓутоа Друштвото како целина си задржува одредена дејност.

**Активност во училиштата.** — Членовите на нашето Друштво најнепосредно работат во училиштата и тука нивната работа најдобро се реализира. Основно тие покажуваат перманентен интерес за осовременувањето на наставата, организацијата на воншколската и слободна активност, како на учениците исто така и на наставниците за нивно општествено ангажирање. Учеството во прославите на патрорните празници и јубилеите. Збогатување на библиотеките особено со литература од нашето блиско револуционерно минато. Подготвување на рецитали со историска содржина. Иницијатива за посета на значајни историски места и споменици како и грижа за одгледување и чување на споменициte и бистите во дворовите на училиштата и во градот. При училиштата постојат мошне активни секции на млади историчари и собирачи на историски материјал. Декорацијата на слободните училишни и одделенски простори со слики и други илустрации од нашето минато. Наставниците по историја се мошне активни во сите дискусии внатре во школите околу наставата и организацијата особено околу донесувањето на важните училишни акти: статутите, правилниците и др. како и надвор од училиштето во проблематиката што ја покренува Општинскиот или Републичкиот завод за школство и Одделот за просвета при Општината.

**Општествена активност.** — Напорите за давање придонес во обликувањето на културната атмосфера во градот дадоа добри резултати. Нашите членови без исклучок на свесна и доброволна база презедоа мошне многу општествени и јавни задачи и со успех ги реализираат.

За истакнување е пред се́ нашето учество во подготвување реферати и програми за секој значаен празник и академија во градот и општината, на пример за Први мај, 4 јули, Илинден, II Октомври, 29 Ноември, 8 ноември — Ден на ослободувањето на Штип, 8 март — Ден на жените и др.

Забележливо е и учеството на нашите членови во програмата на Радио-Штип, особено треба да се спомenat серијата предавања од историјата на Штип, изложени во монографијата „Астибо", како и серијата предавањ во врска со јубилеите на Климент и Мисирков и подготвување програма за 25-годишнината од Револуцијата.

Друштвото пројавува дејност и преку катедрите на Работничкиот универзитет, во програмирањето на неговата работа, а и во давање на конкретна помош во предавачи за разните семинари и курсеви како и на Политичката школа за предметот „Историја на меѓународното работничко движење меѓу двете светски војни и по Втората светска војна".

На Конференцијата на жените и на организацијата „Црвен крст" е дадена помош во подготвување на нивните јубилејни прослави.

Друштвото соработува и со сите културни и стручни здруженија: Народниот музеј, Историскиот архив, Библиотеката, Радио-Штип, Културно-просветната заедница, Друштвото за македонски јазик и литература, Општинската организација на Сојузот на борците, со гарнизонот. Годинашнава заедничка програма за јубилеите со повеќе од наведените организации е само потврда на таа соработка.

Покрај тоа членовите на Друштвото се истакнати општествени и поли-

тички работници во комуната. Поголемиот број се членови на СКЈ, па и на Општинскиот окмитет на Партијата, во органите на ССРНМ, РКПЗ и во низа самоуправни тела, Општинското собрание и разни комисии. Меѓу нив има и одборници и високи функционери и раководители на установи.

**Монографијата „Астибо“** — Секако иницијативата за покренување на односната публикација произлезе од други фактори, а во чест на трајно обележување на 20-годишнината од ослободувањето на Штип; меѓутоа реализацијата на таа публикација главно легна врз плеќите на некои членови на нашето Друштво. Членот на нашето друштво Благоја Цветковски беше член на иницијативниот одбор за покренување и пишување на едицијата. Истиот член беше и член на Управниот одбор избран од Општинското собрание за едицијата. Потоа два члена на Друштвото Цветковски и Едрвске беа натоварени со најголема задача околу пишувањето на мошне важни делови на односната едиција и тие како автори мошне совесно си ја извршија задачата. И во сите перипети и маќнотии низ кои помина реализирањето на едицијата најголема упорност пројавија токму нашите членови, еднио од нив и како член на Редакцијата се бореше за нејзино правилно работење и реализирање на почнатата работа. И секако со овој труд нашето Друштво може само да се гордее, а за тоа доби и јавно признание од Собранието.

**Растурање на стручниот печат.** — Во текот на повеќе години поголемиот број од членовите ги добиваат поважните стручни списанија: „Југословенски историски часопис“, „Историски преглед“, „Гласник на Институтот за национална историја на Македонија“, а и списанието „Историја“. Потоа другите стручни весници и списанија: „Просветно дело“, „Просветен работник“ и др. Сметаме дека по бројот на претплатници на „Историја“ држиме завидно место и Управата на Друштвото посебно беше ангажирана околу пласирањето на списанието како меѓу членовите, установите исто така и кај студентите. Ние имаме евиденција за околу 60 броја. Забелешки правиме на Редакцијата што пласирањето на ова списание не го довери на Друштвото, туку пушташе индивидуални пратки и тоа нецелосно на сите и во сите установи. Согледувајќи ја оваа ситуација, Управата ја ополномошти другарката Ленче Георгиева секретар на Друштвото да изврши колективна претплата и ние по таков пат добивме околу 50 броја кои до еден се продадени за цела година. На ова место ја користиме приликава да го поздравиме излегувањето на нашето прво македонско историско списание за кое ние, и како Друштво и како членови, сѐрдно се залагаме и ветуваме дека ќе му дадеме целосна поткрепа, како за успешно пласирање, така и како учесници со свои написи во истото. Ние зедовме обврска во нашата општина да пласираме 120 броја. Со редакцијата ќе стапиме и во личен контакт и ќе ги регулираме прашањата.

Се води акција за покренување на еден Годишник во Педагошката академија, дури и нашиот член е член на Редакцијата на истиот.

Членовите на нашето Друштво се претплатени и на „Зборникот“ на Народниот музеј во Штип и учествуваат со свои статии.

Наши членови често се јавуваат со свои написи во некои од стручните весници каде третираат прашања од училишната теорија и практика.

**Посета на Конгреси, собранија и советувања.** — Друштвото водеше посебна грижа да обезбеди што помасовно учество на еминентни собири на историчарите. Во таа смисла потфрли само годишното собрание во Битола, кога од нашето Друштво имаше присутни само еден делегат. Меѓутоа на наредните собири, особено на IV конгрес на историчарите во Сараево, што сео држа ланската година испрати тројца делегати. Исто така, испративме делегати и на Годишното собрание на историските друштва на СФРЈ во Белград. Уште отсега во план имаме овогодишното собрание во Охрид да го посетиме најмасовно испраќајќи повеќе од 10 делегати. Треба да истакнеме дека помош во обезбедување на финансиски средства, покрај работните организации ни даваат и Општинскиот одбор на ССРНМ како и одделението за просвета, и по овој пат ние за таа несебичност и разбирање посебно им се заблагодаруваме.

**Наставна и стручна афирмација.** — Во нашето Друштво членуваат и постари искусни наставници, а и млади, додека некои од членовите работат на друга работа како кустоси, архивари и раководители на центри каде целосно се вклопени во природата на работата и опкажуваат завидни резултати. Стручната, а особено методската работа на нашите наставници е добра и интересот за предметот е жив. Оттука и добрата афирмација на историчарите во нашата комуна и не без причина повеќето од носителите на просветната политика и на разни други активности во организација на Околискиот завод за школство или Советот за просвета, беа наши членови. Во тој однос беа анализирани новите наставни програми за Основните училишта по историја и запознавање на општеството, и со наша помош беа направени анализите по работата на овие два предметаза потребите на Советот за просвета на комуната.

Поедини членови на нашето Друштво вршеа и сега вршат функција на надворешни советници во Заводот. Често искуствата од работата на нашите членови беа публикувани преку стручниот печат или пак станувало збор во дискусиите на нашите делегати на собранијата на историчарите. На пример забележлива беше дискусијата по проблемот на учебниците на нашиот делегат на годишното собрание во Битола.

Не треба да се изгуби од вид, иако во поголемиот случај е индивидуална работа на секој член, меѓутоа сепак Друштвото со својот авторитет и насочувачка работа помогна околу оформување на образованието на оние членови кои го немаат тоа или пак за завршување на стручните испити и денес можеме да констатираме дека сите наши членови со мали исклучоци имаат оформено своето образование што исто така е гаранција за нивната успешна стручна и педагошка работа.

**Финансирање на Друштвото.** — Во текот на изминативе години Друштвото фактички работеше без динар, членарината воопшто не се собираше, а оттука и обврските спрема Сојузот Друштвото воопшто не ги извршуваше. Сите потреби од финансиски средства ги сносеа поедини членови од Управата. Хартија, услуги околу отчукувањето на материјалите на машина, поштенски услуги или ги сносеа некои од членовите или беа позајмувани од Педагошката академија, ССРНМ, и др. Финансирањето е проблем и тој и за натаму останува како таков околу чие решавање треба да се зафати Управата. Членарината да се собира редовно кое исто така е прилично тежок проблем, таа сама не може да ги реши сите потреби на Друштвото, особено не ако тоа е активно, а имајќи во вид дека и финансирањето на општествено политичките организации падна на терет на членството или на оскудни дотации од Општинските собранија. Меѓутоа иако овој проблем изгледа нерешлив благодарејќи на разбирањето што сме го имале кај одговорните фактори ние не сме останале нашите потреби да не ги реализираме, па било тоа за посета на конгреси или за семинари или пак за распишани награди на распишани наградни конкурси. Само еден пример околу распишаните теми за награден конкурс по однос на Јубилејот на Климент организаторот обезбеди средства во висина од 200.000 ст. дин. од Советот за просвета, Социјалистичкиот сојуз и Педагошката академија, а за кое друштвата се обратија со посебни барања.

Надвор од овие најфундаментални потреби Друштвото нема потрошено ниту еден динар и уште еднаш општествени пари не се потрошени ни динар, зашто фактички такви и нема.

**План и програма за идна работа.** — Досегашната работа на Друштвото се одвиваше неплански и не беше програмирана, работа од денес за утре и спрема потреба повеќе стихијно отколку планирано и главно беа разгледувани само тековни работи, а во перспектива ништо.

Новата управа ја согледа оваа основна слабост на Друштвото, затоа реши да ја планира и програмира својата идна работа во еден годишен перспективен план за работа. Таков план нашето Друштво изработи за оваа година. Овој план како глобал подлежи на детално програмирање, како што беше случајот со програмирањето на јубилејните прослави за Климент и Мисирков, а сега се работи детален план и програма за вклучување и активноста на нашето Друштво во про-

славата на 25-годишнината од Народната револуција.

Во идната работа на Друштвото треба да се работи за навремено и посигурно собирање на членарината. Потоа навремено собирање и живеење на поцврст организационен живот. Полесно и практично укажување помош на нашето членство особено во проблемите на стручното и методското изградување како и во едно перманентно следење на сите нови и најнови достигања на нашата наука и школска практика. Исто така и засилување контакттот со нашиот Сојуз во Скопје. Важно прашање на идната активност е и поголемо појавување на нашето членство на страниците на нашиот стручен печат, а особено на нашето списание „Историја". како и поголемо вклучување на нашето членство во прибирање на архивски и други материјали и во врска со тоа пишување на хроники.

Овие и некои други задачи се влезени во нашиот овогодишен план и за нивно реализирање целосно ќе се активираме и сметаме дека нашиот план е реален и имаме доволно сили истиот да го оствариме. Секако остварувањето на овој план не е лесна работа но, членството е уверено дека тој може да се реализира. Времето е пред нас и ние сме убедени дека ќе го оствариме и со тоа ќе ја пребродиме нашата зачмаеност и неактивност и пак ќе станеме едно од најактивните друштва во Републиката. Почетните минатогодишни и овогодишни резултати покажуваат дека сме на прав пат.